**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25.01.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 363 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по претставка

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 8 до 16 јануари 2019 година (изданијата на вестите од 16 и од 19 часот)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јануари 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста)

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор кој, врз основа на анонимна претставка доставена преку интернет адреса (наш бр.03-4 од 16.01.2019 година), е извршен врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван помеѓу 8 и 16 јануари 2019 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Предмет на надзор беа дневно-информативните емисии Вести во 16 часот и Дневник во 19 часот емитувани на ТВ Сител од 8 до 16 јануари 2019 година, од аспект на почитување на професионалните начела од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и на Правилникот

за заштита на малолетните лица, согласно доставените наводи во претставка насловена „Реакција за вознемирувачка содржина – Сител". Во дописот се вели дека „деновиве и денес ТВ Сител постојано емитува снимки кои што ме вознемируваат" и оти „денес таа слика (на детско раче кое прима вакцина н.з) ја ставија како главна слика на нивната веб страница и навистина ја прелеаја чашата". Се бара „снимки со ваква содржина (како иглата од вакцината влегува во нежната кожа на бебенцето) или да не емитуваат или да емитуваат во значајно заматена форма како што е во сите европски земји". Кон дописот е приложена и фотографија – скрин-шот од веб страницата на ТВ Сител.

Со надзорот беше констатирано дека ТВ Сител целата седмица во рамките на Вестите емитуваше прилози кои се однесуваат на: епидемиолошката состојба во земјата по појавата на малите сипаници, соопштенија од Министерството за здравство, текот и проблемите поврзани со вакцинацијата, како и интервју со д-р Венко Филипче, министер за здравство. Фотографијата приложена кон претставката може да се идентификува како дел од снимка која е користена во рамките на прилогот „Државата воведува нови задолжителни вакцини", емитуван на 15 јануари 2019 година.

Меѓутоа, во овој и во другите прилози на темата немаше отстапување од професионалните стандарди за новинарско известување, бидејќи снимките што беа користени служат како илустрација на темата и не беа насилни. Потоа слични снимки и досега биле користени од медиумите во прилози за вакцинирање при што немало негативни реакции, така што може да се очекува дека значаен дел од јавноста не би можел да ги оцени како вознемирувачки. Освен тоа, при портретирањето малолетници и деца во прилозите, беа направени потребните замаглувања и тие не можат да бидат идентификувани.

Фотографијата од веб страницата на ТВ Сител, која е доставена во прилог на дописот, Агенцијата ја користеше само за да ги лоцира прилозите на кои се однесуваше поплаката со оглед на фактот дека не е надлежна за регулација на интернет.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог: /**

***Сектор за програмски работи***